РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2696/
10-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-2284/1 од 22.08.2025 година и кон него споен предмет со број 12-2081/1 од 05.08.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости, злоупотреби и неправилности во работењето на ЈУ ------------ ------------ -------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за предметните наводи по однос на незаконско именување на ВД директор во предметната јавна установа постапил друг надлежен орган и ДКСК веќе има постапено и одлучено предмет со исти наводи.
По однос на останатите наводи, од причина што се работи за наводи и преземени дејствија кои се во надлежност на постапување на други надлежни органи, пријавата да се достави до Град Скопје - Одделение за внатрешна ревизија на јавните установи основани од Град Скопје.

Предметот со број 12-2284/1 од 22.08.2025 година и кон него споен предмет со број 12-2081/1 од 05.08.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 22.08.2025 година доставена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости, злоупотреби и неправилности во работењето на ЈУ ------------ ------------ ----------, и оформен е предмет број 12-2284/1 од 22.08.2025 година.
Во пријавата подносителот укажува на сомневања за незаконско именување на лицето -------- -------- за ВД директор на ЈУ ---------- ------------- ------------, како и други злоупотреби во работењето на предметната установа спротивно на законските прописи.
Кон овој предмет е споен предмет број 12-2081/1 од 05.08.2025 година оформен по анонимна пријава со исти, заради постапување и одлучување на ДКСК во единствена постапка.

Во насока на утврдување на фактичката состојба ДКСК побара надлежно постапување за предметниот случај од Секторот за управен и инспекциски надзор при Министерството за култура на РСМ.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Секторот за управен и инспекциски надзор при Министерството за култура на РСМ постапил во рамките на своите надлежности утврдени во Законот за култура и по разгледување на целокупната документација за предметот ДКСК го констатира следното:

- По однос на пријавените наводи за незаконско именување на лицето -------- --------- за ВД директор на -------------- ---------- ----------, на ден 24.10.2025 година, бил изготвен Записник за извршен вонреден надзор во предметната јавна установа при кој била констатирана неправилност и било издадено Решение за отстранување на истата. Воедно, на 13.11.2025 година била поднесена и кривична пријава до ОЈО Скопје, против поранешното одговорно лице на Град ----------, поради постоење на основано сомневање за сторено кривично дело – Злоупотреба на службена положба и овластување по член 353 став (1) од КЗ.
- По однос на останатите пријавени наводи, Секторот за управен и инспекциски надзор се произнесува дека истите не биле во надлежност на инспекторите за култура и упатува на надлежно постапување на други надлежни органи и тоа: Државен инспекторат за труд за наводите за незаконски вработувања и неисплатени обврски кон вработените; Министерството за внатрешни работи за наводите за кражби на имот; Министерството за финансии за наводите за неправилности за пописот; Управата за финансиска полиција по однос на наводите за несовесно финансиско работење на јавната установа; Град Скопје за наводите за неправилна исплата на плати во декември 2023 година; Министерството за локална самоуправа за наводите дека предметната установа функционирала повеќе од една година без Управен одбор; Комисија која е надлежна за следење на примената и толкување на одредбите од договорот, по однос на наводите за непочитување на Колективниот договор.
-ДКСК има постапено по предмет број 12-2143/1 од 07.06.2024 година со исти наводи за незаконско именување на лицето --------- ---------- за ВД директор на ЈУ ------------ ----------- ------------ и на 25-та седница одржана на 12.11.2025 гоодина има донесено одлука број 12-719/18 со која постапувањето по предметот се запира, а за констатираните прекршувања на законските одредби до надлежно јавно обвинителство покрената е иницијатива за поведување постапка за кривично гонење против лицето ----------- ------------ во својство на поранешен Градоначалник на Град ---------.

Имајќи во предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметните наводи по однос на незаконско именување на ВД директор во предметната јавна установа постапил друг надлежен орган а исто така ДКСК веќе има постапено и одлучено на 25-та седница одржана на 12.11.2025 година има донесено одлука број 12-719/18. По однос на останатите наводи, ДКСК утврди дека се работи за наводи и преземени дејствија кои се во надлежност на постапување на други надлежни органи и пријавата ќе се достави на надлежно постапување до Град Скопје - Одделение за внатрешна ревизија на јавните установи основани од Град Скопје.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Доставено до: Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk